**ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА**
**(„Службен весник на Република Македонија”**

**бр.150/2010, бр.100/2012 и бр. 198/2018)**

**1. Во кривичната постапка одлуките се донесуваат во форма на:**

а) пресуда и решение
б) пресуда, решение, наредба и казнен налог
в) пресуда, решение и наредба

**2. Во кривична постапка казнен налог донесува:**

а) Судот
б) Јавно обвинителство
в) Правосудна полиција

**3. Кривичната санкција на сторителот на кривичното дело може со одлука да му ја изрече:**

а) само надлежен суд во постапка спроведена според Законот за кривичната постапка
б) надлежен суд и други органи во постапка спроведена според Законот за кривичната постапка
в) само надлежен суд во постапка спроведена според Законот за кривичната постапка и други процесни закони

**4. Лицето лишено од слобода:**

а) мора најдоцна во рок од 8 часа од моментот на лишување од слобода, да биде изведено пред суд, кој ќе одлучи за законитоста на лишувањето од слобода
б) мора веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од моментот на лишување од слобода, да биде изведено пред јавниот обвинител, кој без одлагање ќе одлучи за законитоста на лишување од слобода
в) мора веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од моментот на лишување од слобода, да биде изведено пред суд, кој без одлагање ќе одлучи за законитоста на лишувањето од слобода

**5. Во кои случаи обвинетиот мора да има бранител уште при првото испитување:**

а) ако обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани

б) ако обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани, или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот е пропишана казна доживотен затвор
в) ако обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот е пропишана казна затвор од најмалку 15 години

**6. Кој може да се јави како бранител во кривична постапка?**

а) адвокат
б) законски застапник
в) правник со положен правосуден испит

**7. Кој донесува наредба за спроведување на истражна постапка:**

а) јавниот обвинител
б) судијата на претходна постапка
в) судија на претходна постапка по барање на јавниот обвинител

**8. Кој може да поднесе приговор на обвинителниот акт:**

а) обвинетиот и оштетениот
б) бранителот на осомничениот само со изречно овластување на осомничениот
в) осомничениот и бранителот на осомничениот без изречно овластување од осомничениот, но не и против неговата волја

**9. Барање за враќање во поранешна состојба во КП неможе да се бара по истекот на :**

а) 3 месеци од денот на пропуштањето
б) 1 месец од денот на пропуштањето
в) 6 месеци од денот на пропуштањето

**10. Ако постапката е водена без барање на овластен тужител се донесува:**

а) одбивателна пресуда
б) ослободителна пресуда
в) решение за запирање на постапката

**11. Ако судот не е стварно надлежен за пресудување се донесува:**

а) одбивателна пресуда

б) ослободителна пресуда
в) решение за запирање на постапката

**12. Ако тужителот од започнувањето,па до завршувањето на главната расправа се откажал од обвинението судот ќе изрече :**

а) одбивателна пресуда
б) ослободителна пресуда
в) решение за запирање на постапката

**13. Пресудата што е објавена мора писмено да се изготви во рок од:**

а) 15 дена по објавувањето, а во сложени предмети по исклучок во рок од 60 дена
б) 8 дена по објавувањето, а во сложени предмети по исклучок во рок од 30 дена
в) 30 дена по објавувањето, а во сложени предмети по исклучок во рок од 90 дена

**14. Повреда на Кривичниот законик постои ако:**

а) делото за кое се гони обвинетиот не е кривично дело
б) обвинението е пречекорено
в)спротивно на законот јавноста била исклучена на главната расправа

**15. Повреда на Кривичниот законик постои ако:**

а) има околности што ја исклучуваат кривичната одговорност
б) обвинението е пречекорено
в)спротивно на законот јавноста била исклучена на главната расправа

**16. Повреда на Кривичниот законик постои ако:**

а) има околности, а особено ако настапила застареност на кривичното гонење или гонењето е исклучено поради амнестија или помилување или работата е веќе правосилно пресудена
б) обвинението е пречекорено
в)спротивно на законот јавноста била исклучена на главната расправа

**17. Повреда на Кривичниот законик постои ако:**

а) во однос на кривичното дело што е предмет на обвинението е применет закон што не може да се примени
б) обвинението е пречекорено
в)спротивно на законот јавноста била исклучена на главната расправа

**18. Повреда на Кривичниот законик постои ако:**

а) со одлуката за казната, за условната осуда или за судската опомена, односно со одлуката за мерката на безбедност, или за одземање на имотна корист е пречекорено овластувањето што го има судот според закон
б) обвинението е пречекорено
в)спротивно на законот јавноста била исклучена на главната расправа

**19. Повреда на Кривичниот законик постои ако:**

а) се повредени одредбите за засметување на притворот, како и на секое лишување од слобода во врска со кривичното дело и на издржаната казна
б) обвинението е пречекорено
в)спротивно на законот јавноста била исклучена на главната расправа

**20. Оштетениот може да ја побива пресудата во однос на одлуката за казната :**

а) да
б) не

**21. Јавниот обвинител може да изјави жалба како на штета така и во корист на обвинетиот :**

а) да
б) не

**22. Одрекувањето и откажувањето од жалбата во кривичната постапка :**

а) не може да се отповикаат
б) може да се отповикаат само во определени случаи

**23. Ако е изјавена жалба само во корист на обвинетиот:**

а) пресудата смее да се измени на негова штета во однос на правната оцена на делото
б) пресудата смее да се измени на негова штета во однос на правната оцена на делото и по однос на кривичната санкција.
в) пресудата не смее да се измени на негова штета во однос на правната оцена на делото и на кривичната санкција.

**24. Во кој од наведените случаеви е дозволена жалба на пресудата на второстепениот суд до судот што одлучува во трет степен:**

а) второстепениот суд донел пресуда врз основа на одржаната расправа
б) второстепениот суд ја потврдил првостепената пресуда со која е изречена казна од 15 години
в) второстепениот суд ја преиначил пресудата на првостепениот суд со која обвинетиот е огласен за виновен и изрекол пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинение

**25. Во кој од наведените случаеви е дозволена жалба на пресудата на второстепениот суд до судот што одлучува во трет степен:**

а) второстепениот суд изрекол казна доживотен затвор или ако ја потврдил пресудата на првостепениот суд со која е изречена таква казна
б) второстепениот суд ја потврдил првостепената пресуда со која е изречена казна од 15 години
в) второстепениот суд ја преиначил пресудата на првостепениот суд со која обвинетиот е огласен за виновен и изрекол пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинение

**26. Во кој од наведените случаеви е дозволена жалба на пресудата на второстепениот суд до судот што одлучува во трет степен:**

а) второстепениот суд ја преиначил пресудата на првостепениот суд со која обвинетиот е ослободен од обвинението и изрекол пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен
б) второстепениот суд ја потврдил првостепената пресуда со која е изречена казна од 15 години
в) второстепениот суд ја преиначил пресудата на првостепениот суд со која обвинетиот е огласен за виновен и изрекол пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинение

**27. Во прв степен судовите судат во совети составени од двајца судии и тројца судии-поротници:**

а) за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 10 години
б) за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор
в) за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 20 години или казна доживотен затвор

**28. За кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор, првостепените судови судат во совет составен од:**

а) двајца судии и тројца судии- поротници

б) совет од тројца судии
в) совет од петмина судии

**29. За кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или казна затвор до 5 години во прв степен суди:**

а) судија поединец
б) совет составен од двајца судии и тројца судии поротници
в) совет составен од еден судија и двајца судии поротници

**30. Во судовите од прв степен суди судија поединец за кривични дела за кои со закон е пропишана :**

а) казна затвор во траење до 7 години
б) како главна казна е пропишана парична казна или казна затвор до 5 години
в) казна затвор во траење до 10 години

**31. Во втор степен судовите судат во совети од петмина судии за кривични дела за кои е пропишана:**

а) казна затвор во траење до 20 години
б) казна затвор во траење до 10 години
в) казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор

**32. Во трет степен судовите судат во совети составени од:**

а) петмина судии
б) тројца судии
в) двајца судии и тројца судии - поротници

**33. Месно надлежен по правило е:**

а) судот на чие подрачје обвинетиот е роден
б) судот на чие подрачје обвинетиот ќе биде фатен или самиот ќе се пријави
в) судот на чие подрачје е извршено или обидено кривичното дело

**34. По правосилноста на обвинението за кривичните дела за кои може да се изрече казна затвор до 15 години притворот може да трае најмногу до:**

а) една година
б) шест месеци
в) две години

**35. По правосилноста на обвинението за кривичните дела за кои може да се изрече казна затвор доживотен затвор притворот може да трае најмногу до:**

а) една година
б) три години
в) две години

**36. За кривичните дела за кои се гони по предлог или по приватна тужба:**

а) предлогот или приватната тужба се поднесуваат во рок од три месеци од денот кога лицето овластено за поднесување на предлогот или приватната тужба узнало за кривичното дело и за сторителот
б) предлогот или приватната тужба се поднесуваат во рок од 30 дена од денот кога лицето овластено за поднесување на предлогот или приватната тужба узнало за кривичното дело и за сторителот
в) предлогот или приватната тужба се поднесуваат во рок од шест месеци од денот кога лицето овластено за поднесување на предлогот или приватната тужба узнало за кривичното дело и за сторителот

**37. За кои кривични дела се води скратена постапка:**

а) за кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или затвор до три години
б) за кривични дела за кои како главна казна е пропишана затвор до една година
в) за кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или затвор до пет години

**38. Предлогот за гонење согласно ЗКП , се поднесува до:**

а) до надлежен јавен обвинител
б) до надлежен суд
в) до Министерство за внатрешни работи

**39. Приватна тужба согласно ЗКП, се поднесува до:**

а) до надлежен јавен обвинител
б) до надлежен суд
в) до Министерство за внатрешни работи

**40. Суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка постои кога:**

а) во однос на кривичното дело што е предмет на обвинението е применет закон што не може да се примени
б) кога некој решавачки факт погрешно е утврден или не е утврден

в) ако пресудата е нејасна и противречна на самата себе или во неа не се наведени причините за решавачките факти или докази изведени на главната расправа

**41. Кој може да поднесе барање за заштита на законитоста против правосилни судски одлуки, согласно ЗКП?**

а) осудениот и неговиот бранител
б) јавниот обвинител на Република Македонија
в) јавен обвинител на Основно јавно обвинителство

**42. Жалбата и одговорот на жалба со сите списи првостепениот суд ги доставува до второстепениот суд , во рок од:**

а) во рок од три дена од приемот на одговорот на жалбата, односно по истекот на рокот за поднесување одговор на жалбата
б) во рок од осум дена од приемот на одговорот на жалбата, односно по истекот на рокот за поднесување одговор на жалбата
в)во рок од пет дена од приемот на одговорот на жалбата, односно по истекот на рокот за поднесување одговор на жалбата

**43. Навремено изјавената жалба од овластено лице против одлука донесена во кривична постапка :**

а) не го одлага извршувањето на пресудата
б) го одлага извршувањето на пресудата

**44. Против решението со кое се усвојува барањето за изземање во кривична постапка:**

а) Дозволена е посебна жалба
б) Не е дозволена посебна жалба

**45. Ако делото за кое обвинетиот се обвинува не е кривично дело според законот, судот донесува:**

а) Пресуда со која се одбива обвинението
б) Пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението
в) Пресуда со која се отфрла обвинението

**46. Јавниот обвинител може да изјави жалба:**

а) кога пресудата е на штета и во корист на обвинетиот
б) Само кога пресудата е на штета на обвинетиот
в) Само кога пресудата е во корист на обвинетиот

**47. Тужители во кривичната постапка се:**

а) јавниот обвинител и приватниот тужител
б) приватниот тужител и оштетениот
в) оштетениот и јавниот обвинител

**48. Лице против кое се води претходна постапка е:**

а) осомничен
б) обвинет
в) осуден

**49. Лице за кое со правосилна пресуда е утврдено дека е кривично одговорно за определено кривично дело е:**

а) осомничен
б) обвинет
в) осуден

**50. Писмено изработена пресуда мора да содржи?**

а) увод, изрека и образложение
б) само изрека и образложение
в) само увод и изрека

**51. Со предлогот за издавање казнен налог јавниот обвинител му предлага на судот изрекување паричната казна во висина :**

а) од 10 до 30 дневни глоби
б) од 10 до 50 дневни глоби
в) од 10 до 100 дневни глоби

**52. Судската опомена се изрекува со:**

а) решение
б) пресуда
в) казнен налог

**53. Имотноправно барање во кривичната постапка може да се поднесе :**

а) по завршување на главниот претрес пред првостепениот суд
б) најдоцна до завршување на главната расправа пред првостепениот суд
в) во жалбена постапката

**54. За барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда одлучува:**

а) Апелационен суд
б) Основен суд
в) Врховен суд на Република Македонија

**55. Пред поднесувањето на обвинителниот предлог во скратена постапка, притворот може да трае:**

а) не подолго од 8 дена
б) не подолго од 15 дена
в) не подолго од 30 дена

**56. Ненавремена и недозволена жалба против првостепена пресуда во кривична постапка :**

а) ќе се отфрли со решение
б) ќе се одбие со решение
в) ќе се запре постапката

**57. Барањето за вонредно преиспитување на правосилната пресуда се поднесува во рок од:**

а) 30 дена од денот кога обвинетиот ја примил правосилната пресуда,
б) 15 дена од кога обвинетиот обвинетиот ја примил правосилната пресуда,
в) 60 дена од денот кога обвинетиот обвинетиот ја примил правосилната пресуда,

**58. Одрекувањето и откажувањето од правото на жалба против одлука во кривична постапка:**

а) може да се отповикаат
б) не може да се отповикаат
в) може да се отповикаат во случаи определени со закон

**59. Судијата на претходна постапка:**

а) не смее да учествува во постапката за спогодување меѓу јавниот обвинител и осомничениот и неговиот бранител,
б) смее да учествува во постапката за спогодување меѓу јавниот обвинител и осомничениот и неговиот бранител.

**60. Против Решението за издвојување на доказите дозволена е жалба до:**

а) Совет на повисокиот суд
б) Кривичниот совет на истиот суд
в) Вишото јавно обвинителство